МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН
за изменување и дополнување на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2014 година

Скопје, јули 2014 година

Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2014 година, усвоен на Сто седумдесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 08 јануари 2014 година се менува и тоа:

## 1. ПРОГРАМА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| Цел | Целта на програмата е намалување на невработеноста и отворање нови работни места преку поттикнување на претприемништвото и започнување на сопствен бизнис. |
| Краток опис | Програмата ќе се реализира преку обука на заинтересирани невработени лица за осознавање на претприемништвото, изготвување на одржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и финансиска поддршка за започнување на бизнисот и/или финансиска поддршка за формализација на постојни бизниси на евидентирани невработени лица кои имаат искуство во вршење на дејноста |
| Опфат на корисници | **980** невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа на АВРМ во 900 ново- отворени правни субјекти |
| Потребни средства | **203.409.847,00 денари** |
| Извори на средства | 200.649.847,00 Буџет на МТСП кон АВРМ. АВРМ кон УНДП<br>**2,760,000.00 Буџетот на АВРМ (подсметка за активни политики за вработување) кон УНДП** |
| Надлежни институции за имплементација | МТСП, АВРМ, УНДП, АППРМ, ЦРРМ |

**Услови и критериуми**

Право на учество во програмата Самовработување имаат сите невработени лица регистрирани како активни баратели на работа. Кандидатите кои во претходните циклуси завршиле обука за “Претприемништво и бизнис планирање”, а не биле селектирани, ќе имаат право повторно да се вклучат во процесот на избор за доделување грант за самовработување.

Учесниците во програмата Самовработување ќе стекнат право да добијат обука за претприемништво, поддршка за изготвување на бизнис план, помош при регистрација на сопствен бизнис и да добијат грант во форма на опрема и/или материјали за започнување на бизнисот.

За реализација на секое самовработување се предвидува поддршка со неповратни средства во висина на 203.155,00 денари, од кои 185.000,00 денари во вид на директна поддршка за набавка на опрема и/или репроматеријали, додека останатите 18.155,00 денари служат за поддршка во вид на основна обука за претприемништво и водење бизнис во времетраење од најмалку 30 часа, ваучер систем за изработка на бизнис план и поддршка при регистрирање на бизнисите.

За лицата за коишто во процесот на аплицирање ќе се утврди дека преку оваа програма ќе формализираат постојан бизнис, ќе се организира 30 часовна обука за унапредување на претприемничките и менаџерски вештини. За оваа група учесници, преку програмата исто така ќе биде обезбедена поддршка во форма на ваучер за изготвување на бизнис план и помош при регистрација на сопствениот бизнис (18.155,00 денари) и 185.000,00 денари во вид на директна поддршка за набавка на опрема и/или материјали.

Кандидатите кои ќе презентираат одржлив бизнис план, кој јасно укажува на потреба од вработување на најмалку две лица за успешно функционирање на бизнисот но и преку економски параметри ја

потврдува одржливоста на дополнителното вработување, имаат можност да аплицираат за грант кој ќе поддржи самовработување на основачот на фирмата и дополнително вработување за најмногу 1 лице.

Средствата на вкупниот грант во тој случај ќе изнесуваат 295.155,00 денари од што 203.155,00 денари за реализација на самовработувањето и отворање на бизнисот и 92.000,00 денари финансиска поддршка за дополнително вработеното лице. Основачот на правниот субјект ќе има обврска да го задржи дополнително вработеното лице најмалку 12 месеци. Вкупниот број на бизниси што ќе бидат поддржани со основен грант за самовработување плус финансиска поддршка за дополнително вработувања нема да надмине 80 во текот на една година.

Сите новоотворени бизниси во текот на првата година од работењето ќе имаат можност преку АППРМ и регионалните центри, факултетите или индивидуални експерти/ментори да добијат дополнителна советодавно- информативна поддршка. Поддршката не би била само во насока на започнување на бизнис, туку и на обезбедување континуирана поддршка на претприемачите во сите области – деловно и финансиско работење, унапредување на техничко – технолошки процеси, законска регулатива и сл.

Лицата кои во рамките на проектниот циклус, доставиле бизнис планови и чиишто бизнис планови успешно го поминале процесот на евалуација, а ќе се откажат од понатамошното учество, не може да се вратат во евиденцијата на невработени лица во АВРМ најмалку една (1) година, сметано од денот на откажувањето.

Лицата кои ќе ги искористат средствата за набавка на опрема и/или материјали преку Програмата Самовработување, не може да се вратат во евиденцијата на невработени лица во АВРМ во рок од четири (4) години, сметано од денот на регистрација на бизнисот.

Доколку регистрираниот бизнис кој е поддржан согласно оваа програма, по истекот на првите шест месеци од регистрација на бизнисот нема реализирано финансиски трансакции преку Управата за јавни приходи, Агенцијата за вработување на Република Македонија до фирмата корисник испраќа писмо со опомена за неактивност на фирмата и доколку по истекот на три месеци од денот на доставување на опомената лицето, корисник на грантот продолжи со нереализирање на финансиски трансакции во Управата за јавни приходи, Агенцијата за вработување на Република Македонија, ќе започне постапка за враќање на средствата одобрени со грантот.

Доколку правниот субјект/ корисник и основач на фирмата престане со вршење на дејност (а со тоа престане и работниот однос) пред истекот на 1 година односно 2 години од датумот на регистрирање на бизнисот, освен во случај на смрт или трајна неспособност, на негово место треба веднаш да се вработи друго лице. Лицето кое ќе биде вработено на местото на корисникот кој се откажува треба да е од списокот на невработени лица на АВРМ и треба да ги преземе сите обврски кои произлегуваат од овој договор. Во спротивно лицето корисник и основач на фирмата има обврска да врати во период од 12 месеци:

- 80% од финансиските средства искористени за набавка на опрема и/или репроматеријали, доколку престане со вршење на дејност пред истекот на 1 година од датумот на регистрирање на бизнисот, односно

60% од финансиските средства искористени за набавка на опрема и/или репроматеријали, доколку престане со вршење на дејност (а со тоа престане и работниот однос) пред истекот на 2 години од датумот на регистрирање на бизнисот.

## 2. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРАВНИ СУБЈЕКТИ (МИКРО И МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ЗАНАЕТЧИИ) ЗА ОТВОРАЊЕ НА НОВИ РАБОТНИ МЕСТА

| | |
|---|---|
| Цел | Целта на Програмата е намалување на невработеноста и отворање на нови работни места, како и стимулирање на побарувачката на работна сила на пазарот на трудот |
| Краток опис | Програмата ќе се реализира преку обезбедување на дополнителна поддршка во вид на материјали и/или опрема за отворање на нови работни места во успешни и иновативни микро и мали претпријатија и кај занаетчии, регистрирани најмалку 1 година сметано до денот на објавување на јавниот повик |
| Опфат на корисници | **127** невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа на АВРМ |
| Потребни средства | **13.269.653,00 денари** |
| Извори на средства | 9,200,000.00 Буџет на МТСП кон АВРМ, АВРМ кон УНДП<br>**4,069,653.00** Буџетот на АВРМ (подметка за активни политики за вработување) кон УНДП |
| Надлежни институции за имплементација | МТСП, АВРМ, УНДП, АППРМ |

**Услови и критериуми**

Програмата за поддршка ќе се однесува на микро и мали претпријатија и на занаетчии:

1. Регистрирани најмалку 1 година сметано до денот на објавување на јавниот повик;
2. Кои на денот на пријавувањето не се во стечајна постапка и ликвидација;
3. Кои ги имаат измирено сите обврски по основа на даноци и придонеси;
4. Кои имаат остварено добивка во 2013 година, и
5. Кои не го намалиле бројот на вработените лица 6 (шест) месеци пред и за време на јавниот оглас, со исклучок на природен одлив (смрт или пензионирање).

Целта на програмата е стимулирање на правните субјекти (микро и мали претпријатија и занаетчии) да креираат нови работни места како резултат на воведување нови или подобрување на квалитетот на понудени производи и/или услуги или освојување на нов пазар. Програмата исто така ќе поддржи иницијативи што ќе овозможат развој на технички и технолошки решенија што ќе доведат до зголемување на продуктивноста на правните субјекти.

Правното лице чиј бизнис план ќе биде прифатен, и кое во периодот од јавниот оглас до склучувањето на договор не го намалил вкупниот број на вработени, ќе стекне право на поддршка со неповратни средства во вид на опрема и/или материјали во висина од 92.000,00 денари за секое новоотворено работно место, но не повеќе од 5 работни места (максимум 460.000,00 денари), вклучително и евентуалните вработувања остварени во претходните календарски години, преку програми за поддршка на дополнителни вработувања во фирми.

Работодавачот кој ќе вработи лице согласно со оваа програма, има обврска да го задржи на работа најмалку 12 месеци од денот на засновањето на работниот однос со полно работно време и во истиот период да не го намали вкупниот број на вработени (освен во случај на смрт или пензионирање). Прекинот на работниот однос на вработеното лице во текот на или после првата година на вработувањето не може да биде по основ на деловни причини (технолошки вишок).

Доколку за времетраење на договорот се прекине работниот однос на вработеното лице, работодавачот треба на негово место да вработи друго невработено лице регистрирано во евиденцијата на АВРМ. Во спротивно ќе треба да ги врати средствата обезбедени во вид на опрема и/или материјали, во паричен износ сразмерно со времетраењето на вработувањето.

Сите права и обврски на инволвираните страни ќе бидат дефинирани со посебен договор.

## 3. СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕ

Програмата за субвенционирање на вработувањето ќе се реализира за евидентирани невработени лица, кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот и за инвалидни лица.

### 3. 1 Субвенционирање на вработување

| | |
|---|---|
| Цел | Цел на оваа мерка е да ја поттикне побарувачката на работна сила и вработување на невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот |
| Краток опис | Мерката ќе се реализира преку обезбедување на финансиска поддршка за вработување на евидентирани невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот |
| Опфат на корисници | **527**[1] невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа на АВРМ од кои до 80 лица од ранливите групи[2] кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот |
| Потребни средства | **42.840.000.00** денари, од кои 6.600.000,00 денари, ќе бидат употребени за исплата на субвенции за вработените лица во 2013 година |
| Извори на средства | 11.550.153,00 од Буџет на МТСП кон АВРМ<br>**31.289.847,00** од Буџет на АВРМ – Потсметка за активни програми и мерки за вработување |
| Надлежни институции за имплементација | МТСП, АВРМ, ЦСР |

**Услови и критериуми**

[1] Во овој број се вклучени и 87 лица вработени преку оваа програма во 2013, за кои ќе се врши исплата на субвенција во 2014 година.
[2] Под ранливи групи се сметаат: жртви на семејно насилство, деца без родители и родителска грижа, бездомни лица, поранешни корисници на дрога, родители на деца на улица, самохрани родители, Роми, осудени лице по отпуштање од казнено поправна установа, жртви на трговија со луѓе.

За поддршка за вработување на невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа на АВРМ кои потешко се вклучуваат на пазарот на труд како што се:

- Лица на возраст од 50-59 години
- Млади лица до 29 години
- Долгорочно евидентирани невработени лица (5 години и повеќе)

се предвидува субвенционирање на вработување преку финансиска поддршка за секое вработено лице за бруто плата во износ од 13.000,00 денари месечно за период од 6 месеци. Работодавачот има обврска лицето да ги задржи на работа најмалку уште 12 месеци (вкупно 18 месеци) или на негово место да вработи друго невработено лице од евиденцијата на невработени лица на АВРМ, при што приоритет ќе имаат лицата од истата целна група. Во спротивно, работодавачот има обврска да ги врати добиените финансиски средства.

Месечниот износ предвиден за исплата на бруто плата (13.000,00 денари) ќе се исплати по добивање на документ од работодавачот дека истиот исплатил плата најмалку во висина на субвенцијата. Месечните известувања со доказ за исплатена плата за лицата за кои прима субвенција, работодавачот ги доставува до АВРМ- центар за вработување.

Престанокот на работниот однос на субвенционираното лице не може да биде по основ на деловни причини (технолошки вишок).

Финансиската поддршка за вработување на невработени лица од ранливи групи изнесува 17.000,00 денари по лице месечно, од кои 3.000,00 денари по лице ги задржува работодавачот, како надомест за направените трошоци за подготовка на лицето во работниот процес. Месечниот износ предвиден за исплата на бруто плата и надоместок за работодавачот (17.000,00 денари), ќе се исплати по добивање на документ од работодавачот дека истиот исплатил плата, најмалку во висина на субвенцијата. Месечните известувања со доказ за исплатена плата, работодавачот ги доставува до АВРМ- центар за вработување за лицата за кои прима субвенција.

При селекцијата на работодавачите ќе се имаат предвид следниве критериуми и услови:

1. Работодавачот што го намалил вкупниот број на вработените лица, 6 (шест) месеци пред објавување на Јавниот оглас се до склучување на договорот за субвенција, нема право на субвенционирано вработување;
2. Работодавачот кој од започнување на имплементација на програмата (2007 година) извршил вработувања со субвенционирање и при тоа не се придржувал на одредбите од Договорот за вработување со субвенционирање, нема право на вработување со субвенционирање;
3. Работодавачот не може да ги вработи со субвенционирање лицата што ги отпуштил пред објавување на јавниот оглас и
4. Работодавачот не може да ги вработи како замена, лицата кои што претходно ги отпуштил од работа
5. Секој работодавач кој има вработено:
   - до 10 работници има право на субвенција за вработување најмногу до 2 невработени лица;
   - до 50 работници има право на субвенција за вработување најмногу до 5 невработени лица и
   - над 50 работници има право на субвенција за вработување најмногу до 10 невработени лица.

Доколку по примената на горенаведените предуслови, бројот на можните вработувања со субвенционирање е поголем од планираниот број во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2014 година, тогаш изборот ќе се врши врз основа на бројот и процентот на невработеноста на ниво на центар за вработување, како и бројот на заинтересираните работодавачи и соодветни невработени лица по центри за вработување.

## 3. 4 Субвенционирање на вработување на млади лица до 29 години – Прва шанса

| | |
|---|---|
| Цел | Целта на оваа мерка е да обезбеди побрз премин на дипломирани млади лица од образовниот процес до вработување |
| Краток опис | Поддршката ќе се обезбеди за евидентирани невработени лица со завршено високо образование до 29-годишна возраст, за истите да се стекнат со одредени практични знаења и вештини и станат конкурентни на пазарот на труд |
| Опфат на корисници | **14** невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа на АВРМ, кои завршиле високо образование во студиската година 2012-2013 |
| Потребни средства | **546.000,00 денари** |
| Извори на средства | Буџет на АВРМ – Потсметка за активни програми и мерки за вработување |
| Надлежни институции за имплементација | МТСП, МОН, АВРМ, Центри за вработување, Факултети |

**Услови и критериуми**

Со пилот мерката „Прва шанса“ ќе се опфатат млади невработени лица до 29 години со завршено високо образование, во студиската година 2012-2013.

Субвенционирање на вработувањето ќе се врши по моделот 3+6, кој предвидува 3 месеци субвенционирано вработување со полно работно време и 6 месеци обврска на работодавачите да го задржи на работа или на негово место да вработи друго невработено лице од евиденцијата на невработени лица на АВРМ со тоа што приоритет ќе имаат невработените лица кои завршиле практична настава кај соодветниот работодавач. Во спротивно, работодавачот има обврска да ги врати финансиските средства. Месечниот износ предвиден за исплата на бруто плата (13.000,00 денари) ќе се исплати по добивање на документ од работодавачот дека истиот исплатил плата најмалку во висина на субвенцијата. Месечните известувања со доказ за исплатена плата за лицата за кои прима субвенција, работодавачот ги доставува до АВРМ- центар за вработување.

Центрите за вработување ќе ги информираат Факултетите за можностите што ги нуди оваа мерка, а стручните служби при факултетите ќе ги информираат студентите од завршните години и работодавачите со кои соработуваат при реализацијата на практичната настава.

Факултетите ќе достават листа на работодавачите и дипломирани студенти во студиската 2012-2013 година до центрите за вработување.

АВРМ – центар за вработување објавува повик до работодавачи и до невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа на АВРМ, кои завршиле високо образование во студиската година 2012-2013 година. Центарот за вработување врши посредување помеѓу пријавените работодавачи и невработени млади лица. Крајниот избор го врши работодавачот од списокот на предложени кандидати по извршено интервју со истите и го известува центарот за вработување за изборот.

## 5.3.А - Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот

| | |
|---|---|
| Цел | Мерката има за цел зголемување на вработливоста на евидентираните невработените лица преку стекнување на вештини од побарувани занимања, согласно искажаните потреби за работна сила |
| Краток опис | Обуката ќе се реализира според одобрени и верификувани програми за обука од МОН, по претходно добиено позитивно стручно мислење од ЦСОО за установи[3] и/ или според верификувани посебни програми за образование на возрасни од ЦОВ. Лицата кои успешно ќе ја завршат обуката, ќе се стекнат со сертификат/уверение издаден од лиценциран спроведувач на обука. |
| Опфат на корисници | 232 невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа во АВРМ |
| Потребни средства | 12.713.600,00 денари |
| Извори на средства | Буџет на АВРМ - Потсметка за активни програми и мерки за вработување |
| Надлежни институции за имплементација | МТСП, АВРМ, МОН, ЦСОО, ЦОВ, УНДП<br>спроведувачи на обуки (образовни установи и институции) |

**Услови и критериуми**

Обуките ќе бидат насочени кон занимања кои се побарувани на пазарот на трудот, дефинирани согласно постапка која предвидува поширока промоција и детектирање на потребите од квалификувана работнатa сила на локално ниво, како и податоците добиени врз основа на Анализата на потреби од вештини подготвена од Агенцијата за вработување, анализи за побаруваните занимања спроведени на локално ниво, истражувања на организацијата на работодавачи, стопанските комори и информации од центрите за вработување и локалната самоуправа. Обуките ќе се спроведуваат од страна на образовни установи и институции за образование на возрасни и тоа:

- по претходно известување за искажан интерес од страна на образовни установи, дадено мислење од страна на ЦСОО и верификување на програмата од страна на МОН; или
- по претходно објавен јавен оглас за институции/установи за образование на возрасни од страна на ЦОВ и верификување на посебната програма за образование на возрасни од страна на ЦОВ.

Обуките ќе се реализираат доколку се обезбеди доволен број на заинтересирани кандидати.
Критериумот за учество во обуката за секое од занимањата, од аспект на потребното претходно образовно ниво, ќе биде дефиниран со програмите за обука.

На лицата кои ќе бидат вклучени во обуката, за деновите на обука ќе им се обезбеди надомест за покривање на трошоците за храна и превоз во висина од 6.200,00 ден месечно по лице (со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување). Право на учество имаат евидентирани невработени лица, кои активно бараат работа.

Обуката ќе се реализира во период од 3 месеци во установи и/или институции. По завршување на обуката, кандидатите ќе изведуваат практична работа во реални услови кај работодавачи во времетраење од 1 месец.

По завршување на периодот планиран за практична работа, лицата треба да добијат потврда за реализирана практична работа кај работодавач.

[3] Установи се училишта и високо образовни установи.

По завршената обука и положен испит, невработеното лице ќе се стекне со соодветен документ за реализираната обука, кој ќе биде внесен во индивидуалното досие на евидентираното невработено лице[4].

[4] **Врз основа на нереализирани средства предвидени во Програмата-Обуки за задоволување на побарувани занимања на пазарот на трудот, ќе се обучат 20 невработени жени, за следните дополнитени видови на занимања во рамките на мерката и тоа: шиење, плетење и везење.**

**Табела бр. 1** Преглед на потребни средства според вид на програми и мерки

| | **Програми и мерки** | **Опфат на лица** | **Потребни средства** |
|---|---|---|---|
| 1 | Програма Самовработување | **980** | **203.409.847,00** |
| 2 | Финансиска поддршка на правни субјекти (микро и мали претпријатија, занаетчии) за отворање на нови работни места | **127** | **13.269.653,00** |
| 3 | Субвенционирање на вработување | **861** | **234.866.000,00** |
| 4 | Пилот програма за субвенционирање на плодоуживатели на државно земјоделско земјиште | 26 | 2.246.400,00 |
| 5 | Програма за подготовка за вработување преку обуки | 6.976 | 59.250.900,00 |
| | **Програма за подготовка за вработување преку обуки финансирана од ИПА** | **1.683**[5] | **26.649.743,00** |
| 6 | Анкета за слободни работни места | 26 | 161.200,00 |
| 7 | Општинско- корисна работа | 100 | 3.600.000,00 |
| 8 | Пилот програма за вработување на припадниците на ромската етничка заедница | 20 | 5.088.240,00 |
| 9 | Пилот програма – Инкубатор на занаетчии | 10[6] | 696.000,00 |
| 10 | Промоција на програми и мерки од ОП 2014 | | 2,700,000.00 |
| 11 | Јавни соопштенија и огласи | | 500.000,00 |
| | **Вкупно** | **10.809** | **552.437.983,00** |

[5] **1.683 невработени лица ќе бидат опфатени во 2014 од вкупно 7.730 лица планирани во проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)", кој ќе трае 2 години.**

[6] Занаетчиите вклучени во инкубаторот ќе бидат поддржани преку Програмата Самовработување да се стекнат со претприемачки вештини, да изработат бизнис план, да регистрираат правен субјект и да набават опрема и/или материјали како почетна инвестиција за започнување со занаетчиската дејност.

**Табела бр. 2** Преглед на извори на средства за реализација на програмите

| | Извори на финансирање | Износ во денари за 2014 |
|---|---|---|
| 1 | Буџет на МТСП | 225.000.000,00 |
| 2 | Буџет на АВРМ – Главна сметка за обука | 9.000.000,00 |
| 3 | Буџет на АВРМ - Потсметка за активни програми и мерки за вработување | 94.500.000,00 |
| 4 | АВРМ- Јавни огласи и соопштенија | 500.000,00 |
| 5 | Буџет на АВРМ – Потсметка за Посебен фонд | 189.000.000,00 |
| 6 | Буџет на УНДП (преку Швајцарската Агенција за развој и соработка) | 5.088.240,00 |
| 7 | Буџет на УНДП | 2.700.000,00 |
| **8.** | **Проект „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)** | **26.649.743,00** |
| | **Вкупно** | **552.437.983,00** |

## *АНЕКС 2 – Буџет и извор на средства*

### 1. ПРОГРАМА САМОВРАБОТУВАЊЕ

| **Опис** | **Износ (во денари)** | **Бр. на лица** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| Основна обука за водење на бизнис | 3.555,00 | 1.100 | 3.910.500,00 |
| Обука со советување за бизнис и претприемништво | 3.555,00 | 400 | 1.422.000,00 |
| Ваучер систем за изработка на бизнис план | 11.600,00 | 1.050 | 12.180.000,00 |
| Регистрација на фирма | 3.000,00 | 900 | 2.700.000,00 |
| Поддршка за набавка на опрема и материјали за започнување на бизнисот (за основачите) | 185.000,00 | 900 | 166.500.000,00 |
| Поддршка за набавка на опрема и материјали за дополнително вработеното лице | 92.000,00 | 80 | 7.360.000,00 |
| **Вкупно за 980 лица** | | | 194.072.500,00 |
| Поддршка за имплементација | | | 9.337.347,00 |
| | **Вкупно** | **980** | **203.409.847,00** |
| Буџетот на АВРМ (подсметка за активни политики за вработување) кон УНДП | | | 2.760.000,00 |
| Буџет на МТСП кон АВРМ, АВРМ кон УНДП | | | 200.649.847,00 |
| **Вкупно обезбедени** | | | **203.409.847,00** |

### 2. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРАВНИ СУБЈЕКТИ (МИКРО И МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ЗАНАЕТЧИИ) ЗА ОТВОРАЊЕ НА НОВИ РАБОТНИ МЕСТА

| Опис | Износ (во денари) | Бр. на лица | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Дополнителни вработувања во микро и мали претпријатија и занаетчии регистрирани најмалку 1 година, сметано од денот на објавување на јавниот повик | 92.000,00 | 127 | 9.200.000,00 |
| **Вкупно за 127 лица** | | | |
| Поддршка за имплементација | | | 4.069.653,00 |
| | **Вкупно** | **127** | **16.029.653,00** |
| Буџет на МТСП кон АВРМ, АВРМ кон УНДП | | | 9.200.000,00 |
| Буџетот на АВРМ (подметка за активни политики за вработување) кон УНДП | | | 4.069.653,00 |
| **Вкупно обезбедени** | | | **13.269.653,00** |

## 3. СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕ

3.1 Субвенционирање на вработување
3.2 Субвенционирање на вработување на деца без родители
3.3 Субвенционирање на вработување на инвалидни лица
3.4 Субвенционирање на вработување млади лица до 29 год. (Прва шанса)

| 3 | Потребни средства | Износ (во денари) | Опфат /лица | Период/ месеци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1** | **Субвенционирање на вработување на:** | | | | |
| | ранливи групи | 17.000,00 | 80 | 6 | 8.160.000,00 |
| | невработени лица | 13.000,00 | 360 | 6 | 28.080.000,00 |
| | Исплата на корисници од 2013 | | 87 | | 6.600.000,00 |
| | **Вкупно 3.1** | | **527** | **6** | **42.840.000,00** |
| **3.2** | **Субвенционирање на вработување на деца без родители:** | 12.400,00 | 20 | 10 | 2.480.000,00 |
| | **Вкупно 3.2** | | **20** | **10** | **2.480.000,00** |
| **3.3** | **Субвенционирање на вработување на инвалидни лица** | | 300 | | 189.000.000,00 |
| | **Вкупно 3.3** | | **300** | | **189.000.000,00** |
| **3.4** | **Субвенционирање на вработување на млади лица до 29 год. (Прва шанса):** | 13.000,00 | 14 | 3 | 546.000,00 |
| | **Вкупно 3.4** | | **14** | **3** | **546.000,00** |
| | **Вкупно за 3.1+3.2+3.3+3.4** | | **861** | | **234.866.000,00** |

| | |
|---|---|
| Буџет на МТСП кон АВРМ (за дел од потсметка 3.1) | 11.550.153,00 |
| Буџет на АВРМ – Потсметка за активни програми и мерки за вработување | 34,315,847.00 |
| Буџет на АВРМ – Потсметка за Посебен фонд | 189.000.000,00 |
| **Вкупно обезбедени** | **234.866.000,00** |